# ADOLF BORN

TCHEHOSLOVAKIA

Museum of contemporary arts — Skopje

Музеј на современата уметност — Скопје

15. 9. — 15. 10. 1973



# ADOLF



Адолф Борн роден е во Чешке Веленице (Јужна Боемија) на 12 јуни 1930 година. Живее и работи во Прага. Од 1949 студирал на Академијата за применета уметност во класата на Антонин Пелц. Следејќи го него, Борн дипломирал 1955 година на Прашката Уметничка академија. По дипломирањето работи цртежи, графики, илустрации, карикатури и анимирани филмови.

Член е на Чехословачкото Друштво на графичките уметници „ХОЛОР" и на групата карикатуристи „Полилегран".

**НАГРАДИ**

— Втора награда во Хашкове Липнице 1960 и 1961 година.
— Награда на издавачката куќа „Одеон" 1964.
— Златен медал на изложбата за уметничко обликување на книги во Лајпциг 1965.
— Прва награда во Бордигера за колекција карикатури 1965.
— Прва награда во Бордигера за колекција карикатури на за дадена тема 1966.
— Наградата „People's publishing house" 1968.
— Златна палма во Бордигера 1968.
— Првата награда на националниот конкурс на хумор и цртежи во Писек 1968.
— Наградата „Грит" на меѓународниот фестивал на карикатурата во Брисел 1968.
— Откупна награда на изложбата „Rassecna dell'umorismo filatelico" во Торино 1969.
— Прва награда на Биеналето во Толентино (Италија) 1969.
— Прва награда во Басто (Италија) 1970.
— Награда на Музејот на современата уметност во Скопје 1970.
— Награда Гран-при во Краков 1972.
— Прва награда во Маростика (Италија) 1972.

— — — — — — — — — — — — — — — — — —

Сите изложени карикатури имаат заедничка легенда:
**БЕЗ ЗБОРОВИ**

# BORN

Biography

Adolf Born, born in Česke Velenice (South Bohemia) June 12th, 1930, lives and works in Prague. From 1949 onwards he studied at the Academy of Applied Arts under Proffessor Antonin Pelc, whom he followed to the Prague Academy of Art, where he graduated from the latter school in 1955. After his graduation he worked on drawings, graphics, illustrations, caricatures and in animated films.

He is member of the Czech Association of Graphic Artists Hollar, and member of the group of caricaturistes Polylegran.

PRIZES:

2nd prize in the Competition of Czech humour, Haškova Lipnice, January 1960 and 1961.

The prize of the Publishing House Odeon, 1964.

Gold Medal at the Exhibition of Book Art in Leipzig 1965 (for the set of illustrations to the book by B. Brecht, Mother Courage).

Premio preffeto di Imperia, Bordighera 1965 for a collection of caricatures.

Mattero d' Oro, Bordighera, 1966, for a collection carica tures on a given subject.

The prize of the People's Publishing House, 1968.

Profeo Palma d' Oro, Bordighera 1968.

The main prize of the Jury at the Nationl Competition of Humour in Drawings, Pisek, 1968.

The Geert Cup at the International Competition of Carica turists, Brussels 1968.

The Purchase Prize at the exhibition Rassegna dell' Umorismo filatelico, Torino 1969.

I th prize at the Biennale dell' Umorismo nell' Arte — Premio Cesare Morcorelli — Tolentino 1969.

I st prize Ippocampo d' Oro, Vasto 1970.

Prize of Museum of Contemporary Art, Skopje 1970.

Grand Prix, Krakow 1972.

I st prize Marostica 1972.

Познатиот чехословачки уметник (графичар) АДОЛФ БОРН, голем дел од својата уметничка активност ѝ го посветил на карикатурата со посебен третман на фигурата односно карикираната личност. Фигурата на човекот т.е. цртежот на фигурата е секогаш едноставен, сугестивен и сигурен но со израз на гротеска и морбидност, без оглед дали е тој човек во виорот и безмислата на војната или во идиличен љубовен настан.

Хуморот на Адолф Борн одговара на таканаречениот „црн хумор“ со извесна филозофско-психолошка тежина на апсурдниот жанр.

Во стилското определување евидентна е некоја лична креација на Бошовскиот надреализам, со потенцирање на градите (женски) поставувајќи ги во неверојатни ситуации односно трансформации како на пример топовско ѓуле, планински врвови или нивната метаморфоза во некои суштество или предмет.

Карикатурата на Адолф Борн не е актуелна ниту ефемерна тема на денот, таа трае и живее како деформација на телото духот и свеста, од Адам и Ева, Ное до нашиот век и технизираната иднина.

Неговата карикатура нема намера да ги исправува тие деформации тој ни пружа едно сознание за смешното во трагичното, за убавото во грдото и за црното во белиот свет?

Во техничкото изведување Адолф Борн не го користи традиционалното перце и тушот туку широко ја применува техниката на современата графика со која Борн ги презентира своите несомнени квалитети како графичар и карикатурист.

Богдан Мусовиќ




A. Born












Fig 6
Fig 7
Fig 9


AB



